Општина Охрид
Градоначалник

Градоначалник
Димитар Влахов бр. 57
6000 Охрид
gradonacalnik@ohrid.gov.mk
Тел. (046) 262-469
Фах. (046) 262-545
www.ohrid.gov.mk

Врз основа на член 105 - 113 од Законот за работните односи (Сл. Весник на РМ бр. 62/05, ... и 28/21) и член Закон за минимална плата во Република Македонија (Сл. Весник на РМ бр. 11/12, ... 41/22), Градоначалникот на општина Охрид, донесе:

# П Р А В И Л Н И К
## за плата на вработени во општинската администрација на општина Охрид како помошно технички лица

**Член 1**

Со овој Правилник се регулираат начинот и критериумите за пресметување на плата за работникот – помошно техничко лице (во понатамошниот текст: работникот).

**Член 2**

Работникот има право на заработувачка - плата, согласно со закон, колективен договор и договорот за вработување.

Плаќањето на работата по договорот за вработување мора да биде секогаш во парична форма. При исплатата, работодавачот мора да го почитува најнискиот износ определен во согласност со закон или колективен договор, кој непосредно го обврзува работодавачот.

**Член 3**

Платата на работникот е составена од основната плата и додатоците.

**Член 4**

Основната плата се определува земајќи ги предвид степенот на образованието, сложеноста и одговорноста на работното место и минималната плата согласно закон за кое работникот го склучил договорот за вработување.

Образованието се вреднува според соодветниот степен и тоа:
- основно образование - 50 бодови
- средно образование - III 60 бодови
- средно образование - IV 70 бодови
- средно образование - V 80 бодови

Сложеноста и одговорноста на работното место се определува според групи и тоа:
- едноставни работи 120 бодови
- средно сложени работи 140 бодови
- сложени работи 180 бодови

Општина Охрид
Градоначалник

Градоначалник
Димитар Влахов бр. 57
6000 Охрид
gradonacalnik@ohrid.gov.mk
Тел. (046) 262-469
Фах. (046) 262-545
www.ohrid.gov.mk

**Член 5**

Во групата на едноставни работи влегува работните места: хигиеничар, кафе кувар, одржувач на општински двор и зеленило, телефонист и курир;

Во групата на средно сложени работи влегуваат работните места: дактилограф, возач на моторно возило, домакин и одржувач на улично осветление, ( III степен);

Во групата на сложени работи влегува работното место: одговорен на возен парк.

**Член 6**

По основ на одговорност, за работните места:

- одржувач на општински двор и зеленило и хигиеничар се определуваат 153.8 бодови,
- курир се определуваат 162.71 бодови,
- телефонист, кафе кувар се определуваат 181.63 бодови,
- возач на моторно возило, домакин, одржувач на улично осветление ( III степен) и дактилограф се определуваат 161.63 бодови и
- одговорен на возен парк се определуваат 187.26 бодови.

**Член 7**

Работното искуство на работникот се вреднува во износ од 0,5% од делот на основната плата со која се вреднува степенот на образованието, сложеноста и одговорноста на работното место, за секоја навршена година работен стаж, а најмногу до 20%.

**Член 8**

Вредноста на бодот за пресметување на платата на работникот за секоја година се утврдува со одлука за извршување на буџетот на општината Охрид.

**Член 9**

Работникот за работа во денови на празници утврдени со закон, има право на додаток на плата за поминати часови на работа во износ од 50% од износот на основната плата.

**Член 10**

Работникот има право на додаток на плата ако работи подолго од полното работно време и тоа во висина од 35% по час од износот на основната плата, доколку работел по налог на непосредно претпоставениот.

Работникот кој работел подолго од полното работно време, додатокот од став (1) на овој член има право да го замени со слободни часови, односно денови.

**Член 11**

Работникот има право на надоместок на платата за целото време на отсуство во случаите и во траење определени со Законот за работните односи, како и во случаите кога не работи од причини на страната на работодавачот.

Градоначалник

Димитар Влахов бр. 57
6000 Охрид
gradonacalnik@ohrid.gov.mk

Тел. (046) 262-469
Фах. (046) 262-545
www.ohrid.gov.mk

**Општина Охрид**
**Градоначалник**

**Член 12**

Работникот има право на надомест на трошоци поврзани со работата за:
1) службено патување;
2) теренски додаток;
3) користење на приватен автомобил за службени патувања;
4) одвоен живот од семејството и
5) смрт на работникот или член на неговото семејство.

**Член 13**

Со влегувањето во сила на овој Правилник престанува да важи Правилникот за плата на вработени во општина Охрид без статус на административен службеник Бр.09 – 1756/1 од 06.02.2018 година.

**Член 14**

Овој правилник влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се применува од 01.01.2023 година.

**Изготвил:**
**Пом. Раководител на Сектор за правни работи**
**Иван Лотески**

**Одобрил:**
**Секретар на општина Охрид**
**Александар Китески**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Кирил Пецаков**

---------------------------